

Miroslav Krsteski

Miro

# the Wall

Мирослав Крстески - Миро е роден 1962 година во Кичево. Студирал на Факултетот за ликовни уметности во Скопје. Сега е дипломиран сликар и ликовен педагог, а живее и работи во Кичево. Член е на ДЛУМ од 1989 година.

Од надвиснатите црнила во ова време на скусена радост, кога ѕидот тврдоглаво сака да се издигне за да ја сопре прогресивната човечка енергија која ги зближува луѓето, да смогнеме сили и да и дозволиме на човечноста со сета своја големина да се издигне над ѕидот.

Ако љубов во себе имаме, тогаш да си ги отвориме душите кои со хуманоста ќе ни помогнат да се бориме против бариерите меѓу луѓето. Не ѕидови, виножито од топли бои нека блесне за да го воздигне несопирливиот творечки дух на луѓето од целата земјина топка. Со боите на љубовта да го насликаме најблагородното, најчовечното, највозвишеното, најсветото и да го вградиме во човековата димензија за добробит на сите поколенија во светот.

*од авторот,*

...Мирослав Крстески во поедини дела поврзува чисти колористички интонации со неутрални, смирени и згаснати тонови кои еруптивно се поврзуваат со доминантно поставени вертикали и хоризонтали. Се забележува трагање за уравнотежена композиција со придавање на примарно значење на колористичките градации но исто така забележливо е и стилската поврзаност на експонатите со тоа што поставениот ликовен проблем се развива од една творба во друга со формирање на поинаква ликовно естетска атмосфера...

проф. академски сликар
Ванчо Ѓорѓиевски

Експресијата на Миро директно произлегува од животот. Спонтана, искрена, силна но и чувствителна, во полниот дијапазон на чувства како што е и самоит тој.

"...сум бил на мостовите на сите реки ..." вели Лермонтов.

Миро нее на мостот, тој е во водата, во животот, го прифаќа таков каков што е, неговото сликарство е точно неговиот живот, а ликовниот јазик е прочистен, јасен и директен.

академски сликар
Часлав Марковиќ

...Она што е иманентно за сликарската личност на Мирослав Крстески е слободниот творечки дух неговите дела провоцираат безброј димензии на емоцијата и доживувањето, а вештината и сигурната изведба на овие дела му обезбедуваат угледно уметничко ниво...

Љупчо Маленков

Miroslav Krsteski - Miro was born in 1962, Kicevo - Macedonia. He has studied at Skopje University, Faculty for fine arts. Now he is graduated fine artist and fine arts educator. He lives and works in Kicevo. He has been a member of DLUM since 1989.

From the exceeded darkness of this time of shortened joy, when the wall obstinately is trying to raise and stop the progressive human energy that connects the people, let us find strength and allow the humanity with all its greatness be risen above this wall.

If there is love somewhere inside us, then let us open our souls that will help to fight against the barriers between the people. Not walls but rainbows with warm colors should shine to raise the irrepressible creative spirit of the people of this planet.

With the colors of love let us paint the noblest, the highest, the most human, and the holiest thing and build it in the human dimension for goodness for the future generation of the world.

the author

In some works Miroslav Krsteski is connecting a pure colorful intonation with neutral, calm and dark tunes, which are eruptive joined with dominantly placed verticals and horizontals. A search for a balanced composition is noted with a primary significance of colors gradation, but it is also notable a stylistic connection of the exhibits with the set artistic problem which is developing from one to other work making a different artistic aesthetic atmosphere.

Prof. academic artist
Vanco Georgievski

Miro's expression is directly coming up from the life. It is spontaneous, sincere, strong but sensitive, with full diapason of feelings as he is.

".....I have crossed the bridges of all rivers...." says Lermontov.

Miro is not the bridge; he is in the water, in the life, accepting the life as it is. His art of painting is reflecting his life, and his artistic language is purified, clear and direct.

academic artist
Markovic Chaslav

...The quality which is immenanent in the artistic personality of Miroslav Krsteski is his open-minded creative spirit. His works provoke a number of emotional dimensions and experiences and his skill and confident performance secure him a distinguished artistic level.

Ljupco Malenkov,



Ѕид 4, Акрилик на платно, 80x80 см

wall IV, Acrilic on canvas, 80x80cm



Sид 3, Акрилик на платно, 80x100 см

wall III, Acrilic on canvas, 80x100cm



Ѕид 2, Акрилик на платно, 80x100 см

wall II, Acrilic on canvas, 80x100cm



Ѕид 6, Акрилик на платно, 80x80 см

wall VI, Acrilic on canvas, 80x80cm



Ѕид 5, Масло на платно, 80x80 см

wall V, Oil on canvas, 80x80cm




КУЛТУРНО – ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР – СКОПЈЕ

Издавач: Културно - информативен центар Скопје, за издавачот: Љупчо Маленков
Фотографии:Боби Петрески, дизајн:Боби Петрески, печат: Фонко - дизајн, тираж 500

Изложбата е реализирана со помош на
Министерството за култура на Р.Македонија

ISBN 9989-802-31-9

јуни, 2001 г.